# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО“ (СКРИПТА) ОД ДОЦ. Д-Р ЉУПЧО ДАВЧЕВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1202 – 189/7 од 164. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 22.11.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Трајко Мицески, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– проф. д-р Стеван Габер, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Електронско банкарство“** од авторот **доц. д-р Љупчо Давчев**, наменет за студентите на прв и на втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По предлогот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Општи податоци за ракописот

Она што денес се случува во банкарскиот сектор на светско ниво слободно би можело да се нарече технолошка револуција. Примената на информатичката технологија придонела на многумина корисници на банкарските услуги да им се олесни животот, а пак на банките да им обезбеди поефикасно работење. Современите банки при своето функционирање мора постојано да ја докажуваат својата вредност и да го оправдаат своето постоење. За да опстанат на денешниот пазар, банките мора да се менуваат побрзо од конкуренцијата, а тоа може да се постигне само со поефикасно електронско работење, кое е императив во модерното време.

Ракописот суштествено се осврнува на замена на досегашното традиционалното банкарство со нова форма на извршување на банкарските работи и нови канали за испорака на банкарските производи и услуги, наречено електронско банкарство. За разлика од традиционалните банки кои како главни канали за извршување на банкарските услуги ги имаат услужните единици, услужните центри, филијали или експозитури, електронското банкарство го користи интернетот како главна алатка со цел испорака на различни услуги на нивните клиенти, како што се прегледи во сопствените сметки, домашен и меѓународен платен промет, менувачко работење, трансфери помеѓу сопствени сметка во рамките на иста или друга банка итн. Усвојувањето на ваквиот начин на работа има значителни придобивки и за банките, но и за корисниците на нејзините услуги, особено за правните субјекти.

Скриптата „Електронско банкарство“ од доц. д-р Љупчо Давчев претставува благороден обид материјата за предметите Банкарство и Банкарски менаџмент да ја прикаже пореално и да ги нагласи комплексните аспекти на оваа материја која сè уште трпи интензивни промени.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите на Економски факултет, конкретно за предметот Банкарство, застапен во студиските програми Финансии, Бизнис економија, Маркетинг менаџмент, Сметководство и ревизија и Менаџмент и претприемништво (застапен во V семестар), со неделен фонд од 5 часа (2+2+1) и како дополнителен материјал за предметот Банкарски менаџмент, со неделен фонд од 5 часа (2+2+1), застапен во истите горенаведени студиски програми.

**Податоци за обемот на ракописот**

Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 93 страници, каде што се инкорпорирани и стотина релевантни библиографски единици, како периодични списанија и бројни интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и поедноставно преставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат, употребен е фонт Arial. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со наслов „Електронско банкарство“, но постојат книги со наслов „Банкарство“ и слично кои минимално ја покриваат наставната материја од оваа област. Авторот во трудот третира мошне привлечна и актуелна проблематика од областа на банкарството, тема која не била елаборирана до сега поради нејзиниот динамичен карактер, како и многу други прашања за проблемите со електронските системи во банкарскиот сектор.

Ваквиот сериозен пристап кон материјата од сферата на банкарството го оправдува одобрувањето на оваа скрипта, а едновремено го обврзува авторот така конципираниот материјал да го збогати и да го презентира во форма на учебник.

**Краток опис на содржината**

Во скриптата „Електронско банкарство“ се предвидени четири тематски точки. Во првата точка насловена како „Електронско банкарство - поим и дефиниција“ авторот се фокусира на дефинирање на тоа што претставува електронското банкарство, како и развојот, етапите на развој и влијанијата кои се застапени во етапите на развој на електронското банкарство. Во оваа глава авторот објаснува и кои технологии и системи, како и уреди за имплементација на електронскто банкарство се застапени во развиените западноевропски земји, од кои поголем дел се прифатени и во Р. Македонија, од страна на клиентите и банките.

Втората точка ги адресира предностите и недостатоците на електронското банкарство. Се разбира дека овие предности и недостатоци се анализираат од двете страни, односно од страна на клиентот и од страна на понудувчот на овој тип на банкарство, а тоа се банките. Поделбата овде е направена со причина да се издвојат различностите и да се воочат сличностите во однос на предностите и недостатоците и од страна на клиентите и од страна на банката.

Во третата точка од трудот авторот ги објаснува законските регулативи на меѓународно ниво, потоа законската регулатива во Р. Македонија, ризиците при употреба на електронското банкарство и заштитата од таквите ризици. Авторот во оваа глава објаснува дека брзиот развој на интернетот во светски размери и развојот на електронската трговија создадоа нови можности за измами и злоупотреби на интернет кои можат да се случат при електронските плаќања. Ова претставува сѐ поголема грижа и за потрошувачите и за банките, поради што се бараат адекватни одговори на овој проблем и на национално и на меѓународно ниво. Надминувањето на безбедносните ризици бара напори за колективна акција во земјите, учесниците на пазарот и регулаторните тела, со цел да се постигнат унифицирани стандарди за електронско работење. Предуслов за спроведување на разни трансакции преку интернет, вклучувајќи и електронски плаќања, е дека постои правна еднаквост помеѓу хартиените и електронски форми на плаќање, што е и една од целите на законите за електронска трговија.

Четвртата точка „Електронското банкарство во Р. Македонија - состојби и анализи“ реално ја отсликува ситуацијата на употреба и примена на електронското банкарство во

финансискиот систем на Р. Македонија. Македонскиот банкарски сектор води активна битка за промовирање на нови технологии на е-банкарство кон своите клиенти. Иако е очигледно дека целиот труд има ефект по бројот на сметки кои се отвораат и прегледуваат онлајн и сè поголемиот број на трансакции кои се вршат преку Интернет – сепак секторот останува доста неразвиен во нашата земја. Старите навики тешко се менуваат, па клиентите остануваат пасивни кон најавените новитети или ги користат во ограничена форма. Тоа најлесно се гледа по користењето на платежните картички како средство за повлекување готовина наместо како средство за безготовинско плаќање.

Наредната декада ќе биде од огромен предизвик за банкарскиот сектор, бидејќи ќе биде под притисок на внесување нови и порадикални иновации и од друга страна задржување на довербата на своите клиенти. Исто така, останува огромниот предизвик да се подигне свеста на македонскиот клиент, без разлика дали е правно или физичко лице за предностите на е-банкарството. Како сфера на услуги, е-банкарството нуди низа бенефити и за понудувачот и за корисникот на услугите. Брзиот проток на информации, краткото време на вршење трансакции, универзалноста на пристапот од која било локација во кое било време, намалените трошоци за работа и останатите позитивни аспекти кои произлегуваат од електронското банкарство се од огромна полза за економија во развој како нашата.

## З А К Л У Ч О К

Релевантноста на трудот на доц. д-р Љупчо Давчев се согледува во пристапот и начинот на обработка на една осетлива проблематика од областа на банкарството – електронско банкарство. Ова е динамична тема која покрај технолошкиот развој како главна причина за појавата на електронското банкарство, има и голем број други фактори и предизвици за банките кои играат важна улога во развојот на овој финансиски сектор. Прво, тие треба да ги задоволат барањата на клиентите кои се сложени и брзо се менуваат. Потоа, тие треба да се справат со старите и новите учесници кои доаѓаат на пазарот. Трето, треба да се справат со притисокот за брза испорака на своите услуги. Четврто, банките мора континуирано да развиваат нови и иновативни услуги со цел да се разликуваат од конкуренцијата, со оглед на тоа дека да се има широко распространета мрежа на филијали не е повеќе главен извор на конкурентска предност. Е-банкарството од страна на многу банки се смета како клучна алатка за решавање на овие предизвици.

Несомнено е дека таквата теоретска поставеност на трудот проследена со практична елаборација на претходно опишаните појави многу ќе им помогне на студентите за појасно да ги разберат и толкуваат суштинските проблеми во електронското банкарство и банкарството воопшто.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип скриптата со наслов „Електронско банкарство" од доц. д-р Љупчо Давчев да ја одобри за издавање.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**

**Д-р Стеван Габер, вонреден професор, с.р.**